Друштво за собирање и примарна преработка на отпадоци
ЕКОЦЕНТАР 97 извоз-увоз ДООЕЛ
Бр. 0307-20
08.03.2021 год.

Согласно Законот за управување со отпад (Службен весник на РМ бр.123/12;147/13;163/13;156/15;63/16 ) на ден год во Скопје е склучен

Друштво за транспорт градежништ и трговија "ВАТО" ДОО
Бр. 0307-373
11.03.2021 год.
СТУДЕНИЧАНИ

**ДОГОВОР**

за превземање на отпад од пластика

помеѓу страните :

**1. Друштво за собирање и примарна преработка на отпадоци извоз-увоз "ЕКОЦЕНТАР 97" ДООЕЛ од Скопје,** со седиште на ул.1632 бр.10/II Скопје, со ЕДБ:МК4030996203809 и ЕМБС:5124514 застапувано од управителот Момировски Владо, во понатамошниот текст ***Преземач*** и

**2. Друштво за транспорт ,градежништво и трговија ВАТО ДОО**, Студеничани,со седиште на ул.4 бр.19, Батинци –Скопје, со ЕДБ МК 4030001421949 и ЕМБС 5545757, застапувано од законски застапници , во понатамошниот текст ***Поседувач***

***Предмет на договорот***

Член 1

Согласно Законот за управување со отпад предмет на овој Договор е преземање и транспорт на отпадна пластика, која произлегува од пакување од пластика и сл. Цената на отпадната пластика се одредува во моментот на превземање на отпадот .

***Права и обврски на договорните страни***

Член 2

***Поседувачот*** се обврзува да ја предаде отп.пластика од член 1 од овој Договор согласно Законот за управување со отпад и другите подзаконски акти како и спречување злоупотреба на истата.

***Преземачот*** поседува важечки дозволи, и тоа: Дозвола за складирање и третман на отпад Дозвола бр.Уп1-11/2-37/2018 од 16.03.2018 год. издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање на РМ со важност до 15.03.2023 година и Дозвола за собирање и транспорт на отпад со Бр.04 заведена под број Уп1-23-1576/2017 од 20.02.2018 издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање на РМ со важност до 23.01.2023 год.

***Преземачот*** се обврзува за превземениот отпад на ***Поседувачот*** да му издаде соодветна документација согласно законските прописи и тоа:

- испратница,
- транспортен формулар,
- заверен товарен лист,
- идентификационен формулар,
- кантарска белешка

***Поседувачот*** се обврзува да ги завери соодветните документи и да врати по еден примерок на ***Преземачот*** . Фактурирањето на преземената количина на

отп.пластика и отпад од пакување, ќе се врши согласно видот на пластиката. Откако целосната документација биде комплетирана од страна на ***Преземачот*** фактурата ке биде платена во законски рок од страна на ***Поседувачот***.***Преземачот*** ќе го утврди надоместокот за услуга преземање на отп.пластика ,согласно моменталните цени за најзиниот третман .

***Поседувачот*** ќе ги преземе секундарните суровини од ***Преземачот*** со присуство на назначен претставник на ***Поседувачот***, при тоа ***Преземачот*** да обезбеди лесен пристап и паркинг за товарното возило кое е сопственост на ***Поседувачот.***

***Преземачот*** се обврзува дека преземениот отпад ќе го складира согласно законските прописи и согласно истите ќе постапи по неа.
***Поседувачот*** се обврзува да го собере и уредно да го селектира отпадот по тип на отпад на едно место ,се додека не се собере количина .

***Важност и времетраење на договорот***

Член 3

Договорот се склучува на неопределено време, а истиот влегува во сила од датумот на неговото потпишување од двете страни.

***Важечко право и разрешување на спор***

Член 4

Во случај на спор договорните страни се согласни дека истиот ќе го решат во спораузм и спогодбено како резултат на добрата деловна соработка, но доколку истото не можат да го постигнат, надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.

Член 5

Договорот се склучува во 2(два) еднообразни примероци од кои по 1(еден) за секоја договорна страна.

*За Преземач* *За Поседувач*

ЕКОЦЕНТАР 97 ДООЕЛ Скопје — ВАТО ДОО